**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-340/4**
**Скопје, 15.06.2007 година**

**До**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот), кои се прикажани на страните од 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Советот за 2005 година и е дадено мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Ленче Софрониевска, Претседател на Републички судски совет до 15.12.2006 година
   - Беќир Исени, Координатор на Судски совет на Република Македонија од 16.12.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 10.04. до 24.04.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.



*Овластен државен ревизор*

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Судски совет на Република Македонија на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Судски совет на Република Македонија е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**12. Преземени мерки од страна на Советот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за претходната година :**

12.1. Донесен е Правилник за набавки од мала вредност со кој се уредуваат видовите или групите на стоки и услуги и работи и начините на набавките од мала вредност, согласно член 72 од Законот за јавни набавки.

12.2. Од страна на Комисијата за попис е извршен попис на материјалните средства, побарувањата, обврските и ситниот инвентар на 31.12.2006 година, согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

12.3. Во текот на 2006 година е воведена материјална евиденција на набавката и потрошокот на канцелариските материјали, што обезбедува материјална одговорност при нивното располагање.

12.4. Од страна на државниот службеник-приправник, во текот на 2006 година, се вратени повеќе исплатените средства по основ на плата која му следува како приправник, согласно член 72 од Законот за државни службеници.

**Скопје, 14.06.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 15,587 | 13,625 |
| **Вкупно приходи** | **15,587** | **13,625** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 13,800 | 10,802 |
| Стоки и услуги | 1,787 | 3,205 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 95 |
| **Вкупно тековни расходи** | **15,587** | **14,102** |
| **Вкупно расходи** | **15,587** | **14,102** |

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1 | 1 |
| Побарувања од вработените | 6 | 6 |
| Активни временски разграничувања | 1,732 | 3,562 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,739** | **3,569** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 2,884 | 4,642 |
| **Вкупно постојани средства** | **2,884** | **4,642** |
| **Вкупна актива** | **4,623** | **8,211** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 324 | 2,481 |
| Краткорочни финансиски обврски | 8 | 8 |
| Обврски спрема државата и други институции | 1 | 1 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1,399 | 1,072 |
| Пасивни временски разграничувања | 7 | 7 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,739** | **3,569** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 2,884 | 4,642 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **2,884** | **4,642** |
| **Вкупна пасива** | **4,623** | **8,211** |

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Средства од буџетот на РМ**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **4,642** | **4,642** |
| **Зголемување по основ на:** | **58** | **58** |
| Набавки | 3 | **3** |
| Вишок по попис | 55 | **55** |
| **Намалување по основ на:** | **1,816** | **1,816** |
| Отстапено возило | 880 | **880** |
| Амортизација | 896 | **896** |
| Кусок по попис | 40 | |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **2,884** | **2,884** |